U.S. Embassy Macedonia

УНИВЕРЗИТЕТ БЕЗ КОРУПЦИЈА

ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА

# ПРИРАЧНИК ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИТЕ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Институт за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ

# ПРИРАЧНИК ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИТЕ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, април 2018

ПРИРАЧНИК ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИТЕ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Институт за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ**
**www.isie.org.mk**
www.univerzitetbezkorupcija.mk

**За издавачот**
д-р Мишо Докмановиќ

**Лектура**
Лилјана Јовановска

**Печати**
Pan Computers & Print - www.pan.mk

U.S. Embassy Macedonia

Овој проект е имплементиран од страна на Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ во периодот 2017–2018 година со поддршка на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Македонија.
Овој проект е делумно поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторот, авторот(ите) и не ги одразуваат оние на Владата на САД.

# ПРЕДГОВОР

Почитуван читателу,

Универзитетот треба да е отворен, транспарентен, достапен. Оттука, зависно во какво својство се приклучувате во универзитетските кругови, Вашето образование, извршувањето на работните задачи или пак давањето на услуги, треба да е што пoслободно, подостапно, поедноставно, под еднакви услови!

Претпоставуваме дека сте студент и на универзитетот каде што студирате сте се запишале со многу ентузијазам, амбиции и желба што поуспешно да си ја насочите и обликувате својата иднина. Но, можеби радоста и желбата со која го реализирате процесот на студирање Ви ја засенуваат барањата на професорите задолжително да ги купите нивните учебници, иако не сте во таква можност, па сте планирале испитот да го подготвувате со учебник позајмен од библиотека или веќе го имате од Вашата постара сестра. Можеби средствата за студирање Ви се ограничени. Можеби, и покрај напорното учење и совладување на материјата, не можете да го положите испитот затоа што некој колега Ви дошепнал дека тоа полесно ќе го направите ако платите извесна сума пари на предметниот професор. А, можеби и не сте заинтересиран за учење на одреден предмет, па се обидувате да најдете начин - да ги „подмачкате“ работите...

Можеби сте професор, или, на пример, вработен во службата за студентски прашања и сте се нашле во ситуација да добиете „молба“ од колега или од член на факултетската управа да внесете оценка во индекс на студент кој воопшто не се појавил на испит! Можеби, пак, сте кандидат кој треба да биде вработен или ангажиран на факултетот за одредена услуга, па Ви е „дошепнато“ дека ќе бидете избран доколку нешто „почестите“.

Можеби како претставник на Вашата фирма сте конкурирале на тендерот за извесни градежни зафати на некој факултет, па сте и ветиле награда на претседателката на надлежната комисија за токму Вас да Ве изберат...

Драг читателу, доколку се најдовте во некое од наведените сценарија, Вие се соочувате со појава позната како корупција...и најчесто сте жртва, но можеби дури и потенцијален иницијатор или извршител.

Доколку сте сведок или жртва на корупција, имате право да се заштитите! Да ја пријавите! Корупцијата може да има и форма на криминал и државата Ви овозможува да се заштитите и самите од неа.

Имено, државните органи кои се надлежни да ги откриваат појавите кои се спротивни на законот, често немаат сознанија за тоа!

Но, понекогаш формите во кои корупцијата може да се манифестира се помалку опасни и претставуваат дејствија што не се кривични дела, но начинот или времето во кое се извршени се во најмала рака неетички! На пример, затоа што професорката е пријателка на Вашата тетка, Вам Ви е дозволено да полагате испит неколку дена подоцна од утврдениот термин во сесијата, а тоа им е ускратено на Вашите колеги.

На еден универзитет не смее да се дозволи ни едното, ни другото!

Овој Прирачник има токму таква цел – да Ве запознае со тоа што претставува корупцијата, во кои облици може да се појави на универзитетите, што не смее да се бара од Вас! Но, многу често оваа појава е „двонасочна улица“ – обидите за корумпирање може да дојдат и од Вас и Вашите колеги! Научете што не смеете да правите! Во овој Прирачник ќе добиете информации и токму за ова.

Натаму, ќе дознаете како да станете „укажувач“, доколку се повредени Вашите права и како државата ја регулирала оваа сфера да Ве заштити и од самата корупција, но и од последиците на пријавувањето, објавувањето на информациите итн.

Имајќи предвид дека голем дел од студентите, професорите и другите лица вработени или ангажирани на универзитетие не се правници, Прирачников го направивме да биде едноставен и што поразбирлив. Доколу сепак сте (иден) правник или едноставно сакате да видите како изгледа некоја правна норма, како определен поим поконкретно се дефинира итн., прочитајте го текстот во квадратчињата!

Се надеваме дека со овој Прирачник ќе успееме да Ви дадеме насоки како да ги препознате овие појави и како да ги обелодените и да се заштитите, па дури и ако сакате да останете анонимен! Сепак, тоа е еден чекор напред кон нашата заедничка цел – универзитети без корупција и субјекти (професори, служби и студенти) со менталитет за етичко работење и студирање!

Со почит,
Универзитет без корупција

# 1. ПРАВО НА ОБРАЗОВАНИЕ (ОПАСНОСТИ И РИЗИЦИ)

Образованието е **човеково право**. Од него зависи иднината на секој поединец, но и иднината на општеството во целина. Затоа е особено важно сферата на образованието, а посебно сферата на високото образование да е ослободена од корупција! Образованието и науката мора да се објективни и вистинити доколку сакаме прогрес!

> Високото образование, за разлика од основното (а во некои држави и средното), не е задолжително, па според тоа и не е заштитено на ниво на право кое треба секој да го ужива, но во современиот свет тоа станува сè попотребно, па се развива како стандард **правото на еднаков пристап до високо образование**. Оттука, посебно е важно да се сузбие или оневозможи да се пројави корупцијата токму во делот на пристапот до високото образование – запишувањето на факултет!

## ШТО Е КОРУПЦИЈА?

Терминот **корупција** потекнува од зборот *corruptio* (лат.) што во суштина значи **расипување, поткупување**. Корупцијата е широко распространета појава, феномен кој во поголема или помала мера може да се јави во секој дел од светот, во секоја држава и во секоја сфера на општественото живеење. Она што е посебно важно да се нагласи, е дека во одредени општества таа е пораспространета од многу причини, но во тоа особена улога игра менталитетот на граѓанинот.

Најопшто, може да се каже дека се работи за појава каде што определено лице кое се наоѓа во посебна положба, функција или позиција (најчесто на моќ, широки надлежности, дискрециони овластувања и сл.), ја искористува неа за да оствари определена корист.

Корупцијата може да се јави како ситна (на пример, давање мали подароци на одредени службени лица со цел побрзо да оствариме нешто или да избегнеме некаква обврска, да дојдеме „преку ред" до целта итн.), системска, индивидуална, корпоративна, административна итн. Ситната корупција е најблиска до она што го нарекуваме менталитет на поединецот или колективитетот, воопшто, до сѐ во животот да се дојде по пократок и полесен пат.

Но, некои облици на корупција имаат големи штетни последици по поединецот или воопшто, по самата држава. Тоа значи дека на определено лице или определена категорија на лица може да им се ускратат/оневозможат одредени права или државата да се оштети на начин и во обем што тоа ќе влијае и врз многу други сфери од општественото живеење.

## Во кои области може да се јави корупцијата?

За жал, социјалната сфера, здравствената заштита, образованието, правосудството и слично, се најчестите области во кои таа се јавува.

Најчесто се работи за јавни сфери, служби или дејности од јавен интерес каде граѓаните ги остваруваат своите основни граѓански, политички или економско- социјални права.

## Корупцијата во образовните системи

Образовните системи се една од сферите кои се најподложни на корупција. Додека во пониските нивоа на образование почесто се среќава „ситната" корупција, со цел учениците, на пример, да бидат оценети повисоко одошто реално заслужуваат и слично, во високото образование таа може да се јави и во посериозни облици.

Кои се **причините за корупцијата**?

Ниско ниво на демократија, политичка нестабилност, сиромаштија, ниско ниво и квалитет на образование, „гломазна“ (обемна) администрација, слабо заштитени имотни права, ниско ниво на економски и медиумски слободи, опкружување кое е коруптивно и др., се само дел од причините.

Една од фазите на студирањето каде што таа често се јавува е токму почетната – уписот на факултет. Достапноста до високо образование во нашата држава стана голема, а со укинувањето на приемните испити на одредени факултети ваквата корупција значително се намали или целосно беше сузбиена. Сепак, постојат области каде што сѐ уште се полагаат приемни испити, а бројот на места за студирање е ограничен, особено во т.н. државна квота (медицинските науки, на пример). Во вакви случаи корупцијата е далеку поверојатна и во насока на тоа определен тест/испит да се оцени попозитивно (за определен надомест) и идниот студент да се најде што повисоко на листата.

Од аспект на појавата и развојот на човековите права, **економско-социјалните и културни права** припаѓаат на т.н. втора генерација права и ги опфаќаат меѓу другите, и правото на работа, правото на социјална сигурност, **правото на образование**, правото на здравствена заштита, правото на учество во културниот живот, **правото на користење на научните достигнувања, слободата на истражување, творечка дејност** итн.

Едно од најсериозните корупциски дејствија е т.н. „продажба на дипломи". Ваквиот облик на корупција е често очигледен, но комплексен и тежок за докажување. Укажувачите, тука, би имале клучна улога во остварувањето на казненоправната репресија за ваквите дела.

Како што и претходно нагласивме, корупцијата може да се јави во облици кои се начелно неказниви или може да доведат до дисциплинска одговорност на лицата извршители. Но, одредени дејствија на корупција во високото образование (и воопшто) може да претставуваат и казниви дејствија.

### Дали корупцијата секогаш претставува кривично дело?

Не! Дејствијата што претставуваат корупција, може да претставуваат кривични дела или прекршоци (види ги појаснувањата подолу), но, како што спомнавме, може да бидат и дисциплински повреди, постапки со кои се повредува работната етика и слично.

Тие дејствија се спротивни на еднаквоста, правдата и потребата за остварување благосостојба на сите во едно општество. Оттука, со сите дејствија на корупцијата се повредува јавниот интерес, без оглед дали тие се спротивни на кривичните норми, работните или други правни норми или само на непишаните или на етичките (моралните) правила!

Во сферата на високото образование во поглед на корупцијата се поставуваат две клучни прашања – КОЈ и ШТО? Односно, кој може да биде извршител на корупциски дејствија или жртва на истите? И ШТО сè може да претставува дејствие или постапка на корупција?

Како што може да претпоставите од досега изнесеното, по прашањето „КОЈ" засегнати (во првата или втората улога) се и студентите, професорите, вработените во административните служби, членовите на различните факултетски комисии и стручни служби (одржување, сметководство итн.)

ШТО сè може да претставува корупција во високото образование? Дел од постапките или дејствијата што претставуваат

корупција во оваа сфера се типични за високото образование. На пример, поткуп при упис на факултети или при полагање испити, или барање услуги од студентите за истата цел, задолжително купување на учебници, привилегии за студентите кои тоа го сториле во смисла на „кратење" на испитниот материјал или помал број прашања итн.

При нови вработувања на факултетите или избори во повисоки звања, исто така едно лице може да биде извршител на дејствие кое е недозволено, особено при примена на дискреционите права на членовите на комисијата да изберат кандидат (од повеќето кои ги исполнуваат условите) според лични мотиви и мислења кои најчесто се ирелевантни за самата постапка или работата кое лицето треба да ја врши. Некогаш ваквите дејствија нема да бидат само во т.н. сива зона, туку може да одат дотаму што ќе претставуваат и класични корупциски кривични дела (избор на кандидат кој не ги исполнува условите итн.).

Но, овде спаѓаат и дејствија кои не се врзани стриктно за универзитетите, туку се карактеристични воопшто во сферата на корупцијата, како што се: постапки на јавни набавки, на пример, за угостителски услуги (бифе-клуб на факултет, избор на понудувач кој ги исполнува условите, но добива предност заради ветена награда за членовите на комисијата... или пак давање насоки од страна на деканот до комисијата, предност при еднакви услови да добие точно определен понудувач... или дури и да се избере понудувач кој не ги исполнува условите итн.), постапки на изведување градежни зафати или санација, при што доколку се работи за јавни или буџетски средства, раководното лице на факултетот или универзитетот му сугерира на изведувачот да користи поевтини материјали, а „заштеденото" да го поделат... Натаму, пример за вакво дејствие се и можните злоупотреби при издавање на простории и опрема на факултетите (особено јавните) на надворешни лица и корисници, каде повторно овластеното лице на институцијата, тоа, во определен дел, го користи за лична корист или привилегии. Несоодветната и нетранспарентната распределба на „приватните"

средства на факултетите и универзитетите исто така може да биде недозволено дејствие, па дури и облик на финансиска малверзација.

Предмет на злоупотреба може да бидат и лични податоци на студентите или вработените/ангажираните лица на универзитетот, кои може неовластено да им бидат откриени од страна на лица кои доаѓаат во контакт со нив, на лица кои сакаат да ги искористат од лични побуди и сл.

Што е, пак, казниво дејствие на корупција? Правната наука казнивите дејствија, односно дела, ги дели на прекршоци и казниви дела (односно кривични дела). Во таа смисла, и коруптивните дејствија може да се јават како прекршоци (полесен облик) и кривични дела (потежок облик).

**Прекршоците** како казниви дела се санкционираат најчесто со глоба. Таа претставува санкција од паричен вид. За прекршок може да се изречат и други санкции, мерки и слично, но не може да се изрече затвор.

Дали знаете дека едно од т.н. службени казнени дела и дело на корупција е и т.н. „**трговија со влијание**“?
Се работи за неспецифично корупциско дело – самата позиција на која се наоѓа определено лице е доволна друго лице на важна позиција да постапи во насока која не е дозволена. На пример, синот на определен министер незаслужено да се запише во државна квота или да положи испит со највисока оценка, иако тоа не одговара на неговото знаење.

## КОИ СЕ ТИПИЧНИ КОРУПЦИСКИ КРИВИЧНИ ДЕЛА?

Едни од типичните дела на корупција се т.н. службени кривични дела, односно делата против службената положба и овластување. Најчесто ги вршат службени лица или лица кои вршат работи од јавен интерес. Меѓу покарактеристичните спаѓаат: злоупотребата на службената положба и овластување, давањето и примањето поткуп и др.

Злоупотреба на службената положба и овластување (чл. 353, КЗМ) – делото се врши со цел да се оствари определена корист или некому да се нанесе штета со тоа што извршителот ја искористува својата службена положба или овластување, ги пречекорува неговите граници или не ја извршува службената должност. Како што може да се забележи, ова дело е општо и едно лице кривично ќе се гони за ова дело само доколку не може дејствието да се подведе под одредба за друго, поконкретно кривично дело (злоупотребата е супсидијарно кривично дело).

Примање поткуп (чл. 357 КЗМ) – ова казнено дело, како и делото давање поткуп, се централните корупциски дела.

Основното дело е т.н. правото пасивно поткупување кое се состои во директно или индиректно барање или примање подарок или друга корист за сторителот да изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши или да не изврши дејствие што би морало да го изврши, сето тоа во рамките на своите службени овластувања. Иницијативата доаѓа од службеното лице, а лицето кое ќе ја прифати истата, ќе одговара за делото давање на поткуп.

Неправото пасивно поткупување се состои исто така во директно или индиректно барање или примање подарок или друга корист, но овојпат за сторителот да изврши службено дејствие што би морало да го изврши или да не изврши дејствие што и така не би смеело да го изврши во рамките на своите службени овластувања. Затоа, овој облик се нарекува уште и „подмачкување“ на работите. На пример, лицето Ви бара

„мито“ за да Ви ја издаде диплома или уверението кое секако треба да ја/го добиете!

Дополнително пасивно поткупување е посебен облик на правото или неправото пасивно поткупување кое се состои во дејствие на барање или примање подарок, корист по вршењето, односно неврешењето на службеното дејствие зависно од обликот.

Давањето поткуп (чл. 358 КЗМ) – уште се нарекува и активно поткупување. Тоа во суштина е дело на поттикнување, наведување на службеното лице на постапка која е нелегална.

Правото активно поткупување опфаќа дејствие на извршување што се состои од давање или ветување подарок или друга корист или посредување при активното поткупување со цел службеното лице да не изврши дејствие што би морало да го изврши или да изврши дејствие што не смее да го изврши. Делото е довршено со самото давање или нудење подарок, корист итн. без разлика дали службеното лице го прифатило или не.

Неправото активно поткупување е давањето или ветувањето подарок или друга корист за службеното лице да постапи согласно неговите овластувања и должности („подмачкување“).

Кривичните дела се санкционираат со различни казни, но основни се затворот (најчесто изрекувана) и паричната казна, а постојат и т.н. алтернативни мерки (на пример, општокорисна работа, условна осуда итн.). Казнените дела од областа на корупцијата се санкционираат најчесто со високи казни затвор. Така е барем пропишано во законот. Судовите во РМ во праксата имаат различни политики во казнувањето.

Со цел да се стимулира откривањето на корупциските деликти, законот предвидува и факултативна основа за ослободување од казна во случај на пријавување на делото на активно поткупување пред тоа да биде откриено доколку е сторено по барање на службеното лице.

Што всушност значи ова? Доколку, да речеме, Вие му дадете на раководителот (деканот) на факултетот каде што студирате подарок или друга корист и тоа го правите по негово барање, а пред делото да биде откриено, го пријавите кај надлежен орган (кривична пријава пред МВР или директно пред надлежно јавно обвинителство), Законот за Вас предвидува привилегија, во судската постапка да не Ви се изрече казна!

Со ова всушност, законодавецот има за цел да поттикне пријавување на овие сериозни корупциски дела!

Иако се работи за различни институти, сепак, едно од поновите законски решенија кои имаат донекаде слична криминално политичка димензија е регулирањето на т.н. „укажување“ и заштита на укажувачите“, а овој процес (од аспект на тоа што е предмет на овој Прирачник) исто така се очекува да придонесе за откривање на многу корупциски постапки во сферата на високото образование кои инаку остануваат да бидат „темна бројка“ – неоткриени дела!

## Што е укажување и укажувач?

Законот го користи терминот заштитено пријавување.

Тоа значи дека Вие, како студент, вработено или ангажирано лице итн., ќе пренесете до надлежно тело/орган, институција итн., сомневање или сознание за дејствие кое е недозволено, казниво или спротивно на закон воопшто со кое се повредува или загрозува јавниот интерес. Може да укажете на дејствија кои спаѓаат во сферата на корупцијата. Корупцијата е еден специфичен феномен со кој интересот на сите нас е секојдневно загрозен и повреден.

Со тоа станувате „укажувач“. Тоа значи дека Вие вршите заштитено пријавување со добра намера. Доколку се прашувате од каде произлегува

Вашето право да бидете укажувач, погледнете ги точките во квадратчето (посебно т.3 и т.4)

Укажувачот не е должен да ја докажува добрата намера и вистинитоста на пријавувањето, но не смее ниту да го злоупотребува.

На укажувачот му се обезбедува заштита согласно со закон (подолу подетално објаснета) и му се гарантира анонимност и доверливост до степен и до момент до кои тој тоа го бара.

## Во кои облици може да се јави заштитеното пријавување?

Заштитено пријавување може да се изврши во три облици или на три начини: како заштитено внатрешно пријавување, заштитено надворешно пријавување или заштитено јавно пријавување.

Кои лица согласно закон може да бидат укажувачи? Во чл. 2, ст. 3 од Законот за заштита на укажувачи, се предвидени неколку категории лица:

- лице кое има засновано работен однос на неопределено или определено време во институцијата, односно правното лице за каде пријавува;
- лице кое е или било волонтер или практикант во институцијата, односно правното лице за каде пријавува;
- лице кое по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа од институцијата, односно правното лице за каде пријавува;
-лице кое по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со институцијата, односно правното лице за каде пријавува.
- лице кое користи или користело услуги во институцијата, односно правното лице во јавниот и приватниот сектор за каде пријавува.

## „ЛИЧНА КАРТА“ НА УКАЖУВАЧОТ

- СУБЈЕКТИВЕН ОДНОС КОН ПРИЈАВУВАЊЕТО: укажување со добра намера, но укажувачот не е должен да ја докаже таквата намера.

- ВИСТИНИТОСТ НА ПРИЈАВУВАЊЕТО: мора да постои разумно сомневање за вистинитоста на информациите, но лицето не е должно да ја докаже вистинитоста (тоа е обврска на надлежните институции).

- ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧОТ: заштита загарантирана со закон и анонимност согласно неговите барања (исклучок – по одлука на судот).

## ТИП 1: ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ

Овој тип на укажување или пријавување носи ваков назив од причина што тоа се врши внатре, односно во самата институција или правно лице каде што се врши/ќе се изврши одреденото недозволено постапување.

КАДЕ СЕ ВРШИ? Во самата институција, установа, правно лице.

КАЈ КОГО СЕ ВРШИ ПРИЈАВУВАЊЕТО? Согласно Законот, секоја институција треба да има овластено лице за таа цел. Тоа лице најчесто добива овластување од раководното лице, а доколку такво овластување не е дадено, тогаш самото раководно лице во установата треба да ги прима пријавите од укажувачи.

ПОСТАПУВАЊЕ: Овластеното лице треба да преземе мерки и да го извести укажувачот во рок од 15 дена, притоа мора да внимава на неговата анонимност и на заштитата на личните податоци.

ПРАВНА ОСНОВА: Законот за заштита на укажувачи и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор.

## ТИП 2: ЗАШТИТЕНО НАДВОРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ

Овој тип на укажување или пријавување носи ваков назив од причина што тоа се врши надвор од самата институција, односно правно лице каде што се врши/ќе се изврши одреденото недозволено постапување.

КАДЕ СЕ ВРШИ? Во следните надлежни институции:

- Министерство за внатрешни работи;
- Јавно обвинителство (месно надлежно);
- Државна комисија за спречување на корупцијата,
- Народен правобранител;
- Други надлежни институции.

### Потребно ли е исполнување на претходни услови за да може да се изврши заштитено надворешно пријавување?

Да, надворешното пријавување е опција доколку се јави некоја од следните ситуации:

- Внатрешното пријавување не е успешно (не се преземени мерки, укажувачот не е задоволен од преземеното или пак од внатрешното пријавување може да настапи штета по него или нему блиски лица).
- Укажувачот во рокот од 15 дена не добил информација дали нешто е преземено по внатрешното пријавување.

- Внатрешното пријавување не е можно, зошто пријавувањето е токму насочено против раководното лице во институцијата или правното лице.

ПОСТАПУВАЊЕ: Органот до кој е извршено пријавувањето треба да ја испита својата надлежност и да преземе мерки согласно истите, да го извести укажувачот во рок од 15 дена за преземените мерки, но и за исходот од постапката што ја водел, а притоа мора да ја заштити неговата анонимност и личните податоци. Во случај на ненадлежност, органот ја спроведува информацијата до надлежниот орган/институција во рок од 8 дена при што исто така го известува укажувачот.

ПРАВНА ОСНОВА: Законот за заштита на укажувачи и Правилникот за заштитено надворешно пријавување

## ТИП 3: ЗАШТИТЕНО ЈАВНО ПРИЈАВУВАЊЕ

Овој тип на заштитено пријавување носи ваков назив затоа што информациите дека било извршено, се врши или ќе се изврши казниво дело се објавуваат јавно.

Информациите треба да се однесуваат на казниво дело со кое се повредува или загрозува животот на укажувачот и нему блиско лице, здравјето на луѓето, безбедноста, животната средина, штети од големи размери, односно ако постои непосредна опасност од уништување на докази.

НА ШТО ТРЕБА ДА СЕ ВНИМАВА КАЈ ЗАШТИТЕНОТО ЈАВНО ПРИЈАВУВАЊЕ?

Со оглед на тоа што објавувањето е јавно, а секогаш постои можност соодветните информации да не се вистинити, кај ова пријавување треба да се внимава особено на следните неколку аспекти:

- Потребно е укажувачот да извршил пријавување до овластено лице (внатрешно или надворешно пријавување) за да може да му следи заштитата предвидена со Законот за укажувачи во случај на јавно пријавување.
- Потребно е укажувачот да ја почитува презумцијата на невиност, како и заштитата на личните податоци и приватноста на лицето кое е пријавено.
- Потребно е укажувачот да не го загрозува водењето судски постапки со јавното пријавување.

КАКВИ ПРАВА УЖИВА УКАЖУВАЧОТ:

1. Заштита на неговиот идентитет (анонимност) и личните податоци (по исклучок тоа може да биде откриено заради потребите на водење на соодветна постапка (кривична постапка).
2. Слобода од должноста за докажување на добрата намера при пријавувањето.
3. Слобода од должноста за докажување на вистинитоста на информацијата при пријавувањето.
4. Право да биде известен за преземените мерки во рок од 15 дена во случај на заштитено внатрешно пријавување.
5. Право да премине кон заштитено надворешно пријавување доколку не биде известен во дадениот рок во случај на заштитено внатрешно пријавување.
6. Право да биде известен во рок од 15 дена за преземените мерки од страна на надлежниот орган/институција при заштитено надворешно пријавување.
7. Право да биде известен од органот до кој го извршил заштитеното надворешно пријавување дека тој се смета за ненадлежен и да биде известен до кој надлежен орган е препратена информацијата.

8. Право да биде известен од органот кој постапувал за исходот од постапката по пријавувањето, откако таа ќе биде завршена.
9. Заштита од повреда на правата и други штетни дејствија врз укажувачот и нему блиски лица (од работен однос и воопшто) која треба да ја обезбеди институцијата или правното лице каде се врши пријавувањето.
10. Право на дополнителна заштита од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, Народниот правобранител, Инспекцискиот совет, Министерството за внатрешни работи и јавното обвинителство доколку институцијата или правното лице каде се врши пријавувањето не ја обезбеди истата.
11. Доколку дојде до повреда на правата на укажувачот, против прекршителите на неговите права може да се покрене и кривична постапка и други постапки и да се преземат други мерки на одговорност.
12. На укажувач за тешки кривични дела кои се казниви согласно КЗ со казна затвор од најмалку 4 години и каде што е потребно укажувачот да сведочи, по негово барање му следува заштита согласно Законот за заштита на сведоци.
13. На укажувач на информации за недозволени дејствија му следува и судска заштита во кривична, граѓанска постапка и сл., поништување на акти, ништовност на одредби од акти кои се резултат на таквото дејствие, како и право на надомест на штетата која ја претрпел укажувачот.

## МОЖЕ ЛИ УКАЖУВАЧОТ ДА БИДЕ ОДГОВОРЕН?

Иако укажувачот во процесот на пријавување треба да постапува со добра волја и најдобри намери и добрата волја не треба да ја докажува, сепак, злоупотребата на овој институт, соодветно ќе се санкционира.

Укажувачот треба да има предвид дека зависно од тоа дали постапува недоволно внимателно, целосно небрежно, или пак со умисла да нанесе штета на лицето кое го пријавува, ќе биде соодветно одговорен. Се разбира дека укажувачот ќе треба да ја надомести штетата што му ја нанел на пријавеното лице, но може да одговара дури и кривично. Имено, треба да има предвид дека лажното пријавување кривично дело, поднесувањето лажни докази и слични дејствија се кривични дела инкриминирани во Кривичниот законик на Република Македонија!

Непочитувањето на обврската за заштита на лични податоци и на приватноста на пријавениот, зависно од дејствието и последиците, исто така може да претставува кривично дело.

Оттука, укажувачи – не злоупотребувајте и внимавајте! Укажувањето може да е „меч со две острици“, од една страна е право на секој, но и обврска (за ова малку подолу), од друга страна не смее да се злоупотреби! Затоа треба да се почитуваат законските услови и редоследот по кој по правило се врши едно пријавување (внатрешно, па надворешно или директно надворешно, па дури потоа јавно!), за да Ви следи законски предвидената заштита.

Иако правното регулирање на институтот „укажување“ е пред сѐ наменет за заштита на самиот укажувач и неговите права, сепак пријавувањето може да се претвори во обврска кога било кое лице ќе дојде до сознанија за подготвување или извршување на тешки кривични дела, а тоа не го направи. Кривичниот законик ги предвидел и делата „непријавување на подготвување казнено дело“ и „непријавување казнено дело или сторител“. Имајте ги предвид и ваквите обврски што сите како

граѓани ги имаме, иако веројатноста е мала во текот на студирањето да се најдете во таква „екстремна ситуација“.

За крај, имајте предвид дека како укажувачи може да пријавите сѐ, освен дејствија, односно материјали кои произлегуваат од незаконското следење на комуникациите од периодот од 2008 до 2015 година.

Ви посакуваме успешно студирање и успешна работа и Ве потсетуваме да се борите за правото да студирате и работите на универзитети без корупција!

Среќно!

## НАЦРТ-ПОЛИТИКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Целта на овој документ е да ги определи обврските и должностите на Универзитетот, како и на единиците во неговиот состав и на вработените вклучително наставниот, соработничкиот и административниот кадар на Универзитетот со цел спречување на корупција во академската заедница.

1. Универзитетот презема обврска за спроведување на политика на нула-толеранција кон корупцијата, се обврзува да постапува професионално и чесно, со интегритет и да имплементира систем на заштита од мито и корупција.

Универзитетот дејствува во согласност со законските прописи кои ги вклучуваат Кривичниот законик, Законот за спречување на судир на интереси, Законот за спречување на корупцијата, Законот за заштита на укажувачите, Законот за високото образование и подзаконските акти донесени врз основа на нив, како и другите позитивноправни прописи, а дејствува и согласно најдобрите деловни практики и највисоките професионални стандарди.

Универзитетот поттикнува анонимно пријавување на случаите на корупција.

Сите информации кои се однесуваат на пријавување на потенцијална корупција, ќе бидат проследени со посебно внимание и истите навремено и целосно ќе бидат доставени до надлежните државни органи.

Универзитетот не смее да има селективен пристап во поглед на пријавите за корупција, како и кон било кои пријави за било кое незаконито однесување.

2. Универзитетот е посветен кон примена на највисоките стандарди на отвореност, интегритет и одговорност. Својата дејност ја извршува

одговорно и отчетно, врз основа на законите и Статутот на Универзитетот, како и Етичкиот кодекс на Универзитетот.

Лицата кои припаѓаат на наставниот, соработничкиот и административниот кадар на Универзитетот се очекува да дејствуваат во рамките на следните стандарди:

- не смеат да бараат финансиска или друга корист за Универзитетот или за себе лично преку дела на корупција и мито;
- не смеат да примаат финансиска или друга корист за Универзитетот или за себе лично која би значела корупција или мито;
- не смеат да бидат вклучени во било каков облик, во активност или дело кое што претставува кривично дело;
- имаат обврска да ги пријават сите сомнителни однесувања од член на наставниот или соработничкиот кадар или од страна на административните служби на Универзитетот;
- не смее да се служат со измама или друго несовесно или неморално однесување, и
- мора да работат во согласност со правилата и регулативата за подароци на Универзитетот.

Вработените на Универзитетот може да примаат подароци само доколку тоа не е спротивно со закон и само доколку преку нив трета страна нема намера да влијае врз донесување на одлука во нејзина корист или да биде во замена за одредена услуга или слично.

Подароци кои се условени со противвредност и/или противуслуга кон третата страна, односно повлекуваат обврска на вработен на Универзитетот да даде нешто во корист на трета страна, да вети нешто во корист на трета страна или да направи нешто во корист на трета страна што инаку не би смеел да го даде, вети или направи, не се дозволени.

3. Универзитетот има обврска да им обезбеди можности на студентите, вработените и други лица за заштитено внатрешно пријавување.

Заштитено пријавување е пријавување со кое се пренесува разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Се забранува откривање или овозможување откривање на идентитет на укажувач, освен кога тоа се бара со судска одлука. Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно да ги заштити податоците за пријавувачот, односно податоците врз основа на кои може да се открие идентитетот на пријавувачот, освен ако пријавувачот се согласи на откривање, согласно Законот.

4. Универзитетот изработува и имплементира систем за детектирање и пријавување на корупција.

Универзитетот го развива овој систем во соработка со надворешни лица кои имаат посебни професионални и ревизорски квалификации.

Универзитетот презема повремени ревизии на системот кои ќе бидат спроведувани од надворешни лица.

5. Универзитетот соработува со медиумите со цел обезбедување на отвореност и транспарентност на својата работа.

Универзитетот назначува посебно лице кое е овластено за комуникација со медиумите во име на Универзитетот.

6. Универзитетот целосно ги применува механизмите за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Слободен пристап до информации од јавен карактер имаат сите правни и физички лица.

7. Универзитетот спроведува тренинзи за своите вработени со цел нивна обука за запознавање со механизмите за справување со корупција и запознавање со нивните обврски во таквите околности.

Целта на тренинзите е вработените на Универзитетот: да се запознаат со соодветните законски прописи, особено прописите од кривичното право и прописите за заштита на укажувачи; да може да ги идентификуваат знаците на корупција и мито; да може да преземат дејствија со цел да избегнат и спречат мито и корупција; да се запознаат со етичките правила за постапување на работното место.

Тренинзите ќе се реализираат најмалку еднаш годишно. Материјалите за тренинзите кои ќе бидат посебно подготвени, ќе бидат достапни на интернет страницата на Универзитетот.

8. Органот на управување на универзитетот треба да развие капацитети за рано препознавање на знаци на појави на мито и корупција (на пример: вработен често користи одмори и патува на скапи дестинации, вработен во краток период има стекнато поголем имот или други ствари со голема вредност, вработениот често останува сам на работа по работно време или за време на викенди, вработениот избегнува да одговори на прашања и даде објаснувања кога тоа го бара органот на управување на Универзитетот).

За одредени активности кои предизвикуваат поголем степен на ризик и кои имаат потенцијал за корупција, потребно е Универзитетот да развие посебни механизми на нивно следење и контрола вклучувајќи:

- Постапките за јавни набавки на стоки и услуги, како и поголеми градежни зафати, купување и отуѓување на недвижности;
- Вработување на нови лица;
- Пристап до компјутерска мрежа, менаџмент со податоци;
- Финансиски трансакции;
- Грантови и аплицирање на проекти;
- Интелектуална сопственост и доверливи информации;
- Прием на студенти;
- Услуги кои се нудат на трети лица; и
- Процес на менаџирање со надворешни лица.

9. Универзитетот презема активни мерки за вклучување на содржини поврзани со спречување на корупцијата во студиските и предметните програми.

# Декларација за „Универзитет без корупција“

*Тргнувајќи од уставно загарантираната автономија на универзитетот, посветени на приближувањето кон европскиот образовен простор, положбата, правата и достоинството на студентите, унапредувањето на наставниот процес и истражувањата, како и положбата и дигнитетот на наставниот кадар, со потпишувањето на оваа Декларација, ги реафирмираме сите досега преземени чекори и уште еднаш ја изразуваме нашата посветеност во изградбата на Универзитет без корупција. Имајќи предвид дека студентите преку образованието го формираат етичкиот и моралниот светоглед на идните професионалци, со што директно влијаат врз насоката во која ќе се развива општеството, свечено го изјавуваме следново:*

1. *Универзитетот во 21. век подразбира академска средина во која се цени знаењето на студентите кое се потврдува единствено врз основа на нивниот вложен труд, посветеност кон науката и трудољубивост. Уште еднаш потврдуваме дека во академската заедница немало и нема да има место за пристрасност и субјективност.*
2. *Наставниот кадар независно од својата професионална дисциплина, посветено ги промовира етичките стандарди во научно-истражувачката работа, за време на извршувањето на своите наставни обврски.*
3. *Универзитетите ќе се залагаат за начелата и принципите на законитост, чесност, трудољубивост,*

*стручност и компетентност во работата со студентите и со пошироката заедница.*

*Од тие причини, посветени сме на преземање на дејствија, активности и иницијативи за надминување на предизвиците во високото образование, особено:*

- *Поттикнување на слободното знаење, како и креативната и критичка мисла на студентите и промоција на политика на отворени врати, преку обезбедување на најдобри можни услови за студирање.*
- *Унапредување на меѓуфакултетската и меѓууниверзитетската соработка особено во контекст на вклучување на содржини во наставните програми со кои се поттикнува етичкото однесување и се објаснуваат механизмите на борбата против корупцијата, во согласност со универзитетските акти.*
- *Имплементирање на најдобрите меѓународни практики и стандарди во борбата против корупција во високото образование во етичките кодекси и интерните акти на универзитетите.*
- *Усогласување со обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на укажувачите.*
- *Информирање и промоција на соработката со студентите, студентските организации, студентските правобранители и воспоставување на континуиран дијалог помеѓу студентите и органите на управување на факултетите и универзитетите од аспект на ова актуелно прашање.*

Скопје, 18.12. 2018 година

# Потписници на Декларацијата

За Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје,
Ректор, проф. д-р Никола Јанкуловски

За Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола
Ректор, проф. д-р Сашо Коруновски

За Универзитетот „Гоце Делчев“, од Штип
Ректор, проф. д-р Блажо Боев

За Универзитет на Југоисточна Европа,
Ректор, проф. д-р Замир Дика

За Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ од Охрид
Ректор, проф. д-р Нинослав Марина

За Универзитет „Мајка Тереза“, од Скопје
Ректор, проф. д-р Азис Положани

За Универзитетот во Тетово
проректор, проф. д-р Хазир Положани

За Прв приватен Европски универзитет Република Македонија,
Ректор, проф. д-р Лидија Наумовска

За Прв приватен ФОН универзитет, Скопје
Ректор, проф. д-р Нано Ружин

За Меѓународен Балкански универзитет Скопје,
Ректор, проф. д-р Исмаил Коџајусуфоглу

За Меѓународен универзитет Визион – Гостивар
Ректор, проф. д-р Фадил Хоџа

За Универзитет Американ колеџ Скопје
Ректор, проф. д-р Марјан Бојаџиев

## Фотографии од потпишувањето на декларацијата










www.isie.org.mk

www.univerzitetbezkorupcija.mk